РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1356

Скопје, 1 јули 2026 година

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРОНИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 18.4.2026 година, за избор на асистент по предметите од наставно-научната област 2.02.00.10 – електроника, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, бр. 02-905/7, донесена на 20.5.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Катерина Ралева, редовен професор, д-р Љупчо Караџинов, редовен професор и д-р Томислав Карталов, редовен професор.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент по предметите од наставно-научната област електроника, во предвидениот рок се пријави еден кандидат.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Марко Камиловски е роден на 26.3.1999 во Скопје, Република Македонија. Средно образование завршил во СУГС „Орце Николов“ во Скопје, во 2017 година, на насоката природно-математичка А, каде што и воедно е прогласен за првенец на генерацијата. Одликуван е и со признание од градоначалникот на град Скопје за најдобар матурант во учебната 2016/2017 година.

Во учебната 2017/2018 година се запишал на прв циклус академски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Компјутерско хардверско инженерство и електроника. Во секоја од четирите години на студирањето е наградуван во листата на студенти со просек над 9. Дипломирал на 7.9.2021 година со одбрана на дипломскиот труд со наслов: „Дизајн на 8-битен процесор во VHDL“, под менторство на проф. д-р Катерина Ралева. Додипломските студии ги завршил со просечна оценка 9,85 и се стекнал со 240 ЕКТС-кредити.

Во академската 2021/2022 година, кандидатот Марко Камиловски се запишал на втор циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на студиската програма Енергетска електроника. Во текот на постдипломските студии, покажал особен интерес за истражувања во областа на моделирањето на енергетските транзистори во DC-DC конверторите, како и за примената на нови материјали во енергетската електроника. Магистерските студии ги завршил со просечна оценка 10,00. Магистрирал на 22.5.2023 година, со одбрана на магистерскиот труд „DC-DC конвертори во GaN-технологија“, под менторство на проф. д–р Катерина Ралева.

Во академската 2023/2024 година, кандидатот Марко Камиловски се запишува на трет циклус студии на Докторската школа – Електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Истражувањата во областа на GaN-транзисторите започнати во рамки на неговиот магистерски труд, ги продолжува и ги продлабочува преку проучување на електростатските карактеристики на овие структури на криогени температури.

Веднаш по дипломирањето, кандидатот Марко Камиловски бил ангажиран како демонстратор на Институтот за електроника. На оваа позиција бил избран двапати: во учебната 2021/2022 година и во учебната 2022/2023 година. Во октомври 2023 година е избран во звањето асистент за предметите од областа електроника, Билтен бр. 1292 од 1.10.2023 година. Како асистент држи аудиториски и лабораториски вежби по предметите: Електроника 1, Електроника 2, Логички дизајн, Енергетска електроника и лабораториски вежби по предметот Практикум по инженерски алатки. Коавтор е на учебното помагало „Збирка решени задачи по предметот Електроника“ од Т. Карталов, Н. Јовановски, М. Камиловски и Б. Геразов, издаден од ФЕИТ.

Во рамките на активностите на Институтот за електроника, кандидатот Марко Камиловски како асистент, учествувал во подготовката и реализацијата на работилницата „Технологија за тебе 2026“, на натпреварите „RoboMac Junior” (2024 – 2026) и „RoboMac” (2024 – 2026), како и обуката „Практична електроника и вградливи микрокомпјутерски системи“.

Покрај активностите на Институтот, кандидатот активно се вклучува и во промотивните активности на ФЕИТ. Исто така, вклучен е во проектите ,,Европско надградување на студентите за одржливо претприемништво“ од програмата Erasmus+ и „ПРАКТична Интегрирана Конфигурабилна лабораторија за Обука и Настава (ПРАКТИКОН)” – финансиран од МОН и УКИМ. Во рамки на првиот проект, учествувал во изработката на материјали за обука од програмата 3D-принтање. Кандидатот бил и ментор на тим на студенти во рамки на студентскиот проект: “Innovation in Smart Anything Everywhere (INNO-SAE)”, во периодот од ноември 2023 до декември 2023 година.

Од 2022 година, кандидатот Марко Камиловски е член на Македонската секција на IEEE. Во 2024 година бил избран за претставник на Македонската секција на IEEE на IEEE Region 8 Student and Young Professional Congress во Гренобл, Франција. Конгресот претставува значаен регионален настан кој ги обединува студентите и младите професионалци од IEEE Region 8 преку технички сесии, работилници, обуки за професионални вештини и активности за вмрежување. Учеството на овој конгрес овозможува размена на искуства со млади инженери и истражувачи од повеќе земји, како и проширување на професионалните контакти во рамки на IEEE-заедницата.

## 2. Оценка за остварувањето на кандидатот во согласност со општите и посебните услови за избор во звањето асистент

Кандидатот м-р Марко Камиловски има завршено прв и втор циклус академски студии со 302 ЕКТС-кредити; се стекнал со назив – магистер по електротехника и информациски технологии од областа енергетска електроника; има остварено просечен успех од 9,85 на прв циклус студии и просечен успех од 10,00 на втор циклус студии; има познавање на англиски јазик, степен C1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), со што ги исполнува општите услови за избор во звањето асистент. Од последниот избор во звањето асистент (Билтен бр. 1292 од 1.10.2023 година), кандидатот има презентирано два труда на научни конференции, има објавено еден труд во научно списание, коавтор е на рецензирана збирка со решени задачи по предметот Електроника, учествувал во два научноистражувачки проекта, бил ментор на студентски тим во рамките на студентски проект и активно учествувал во организација на седум работилници, школи и обуки.

## 3. Научни, стручни, педагошки и други остварувања од почетокот на кариерата до денот на пријавата

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во периодот од октомври 2021 до денес, кандидатот работи како демонстратор за вежби на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Како асистент, кандидатот е ангажиран за аудиториски и лабораториски вежби по предметите: Електроника 1, Електроника 2, Логички дизајн и Енергетска електроника и лабораториски вежби по предметот Практикум по инженерски алатки.

Дополнително, кандидатот учествува во подготовки на повеќе обуки, натпревари и работилници како: „Технологија за тебе“,„RoboMac Junior“, „RoboMac“ и „Практична електроника и вградливи микрокомпјутерски системи“.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

М-р Марко Камиловски има публикувано 2 научни труда во зборници на трудови на научни конференции и еден труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор:

1. Marko Kamilovski and Katerina Raleva, “DC-DC Converters in GaN Technology – Measurements and SPICE Simulations”, 16th International Conference ETAI , 21-23 September 2024, Struga, North Macedonia; and in *ETAI 2024 Conference Proceedings*, Vol. 3, Issue 1, pp. 41-46, 2024.
2. N. Giogrgia, B. Glusica, M. Kamilovski et al., “The Role of AI in Supporting Mathematical Reasoning for Electronics Problems”, 32nd Int. Conf. on Systems, Signals and Image Processing, June 24-26, 2025, Skopje, North Macedonia.

3. Marko Kamilovski, Katerina Raleva and Mario Makraduli, “A Comparative Study of Switching Performances and Efficiency of GaN, SiC and Si Based DC-DC Converters”, *Journal of Electrical Engineering and Information Technologies,* Vol. 8, No.2, pp. 117-128. 2023.

**Учество во научноистражувачки проекти**

1. Марија Календар (раководител), Маре Србиновска (раководител) и Марко Камиловски (учесник), „Европско надградување на студентите за одрживо претприемништво” од програмата Erasmus+, во периодот 1.9.2024 – 31.8.2026.
2. Томислав Карталов (раководител) и Марко Камиловски (учесник), „ПРАКТична Интегрирана Конфигурабилна лабораторија за Обука и Настава (ПРАКТИКОН)” – финансиран од МОН и УКИМ, во периодот 2025 –.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Марко Камиловски бил дел од организација на осум работилници, школи и обуки. Коавтор е на учебното помагало „Збирка решени задачи по предметот Електроника“, Т. Карталов, Н. Јовановски, М. Камиловски и Б. Геразов, издаден од ФЕИТ, 2024 година. Бил ментор на тим студенти во рамки на студентскиот проект: “Innovation in Smart Anything Everywhere (INNO-SAE)”, од ноември 2023 до декември 2023 година.

**Учество на работилници, школи и обуки**

1. Натпревар „RoboMac Junior” (2024 – 2026), организација: ФЕИТ (Институт за автоматско и системско инженерство и Институт за електроника).
2. Натпревар „RoboMac” (2024 – 2026), организација: ФЕИТ (Институт за автоматско и системско инженерство и Институт за електроника).
3. Работилница за развојни микропроцесорски системи од проектот „Технологија за тебе”, 2026, во организација на Логинг и ФЕИТ.
4. Обука „Практична електроника и вградливи микрокомпјутерски системи“ (2025), во организација на INNOFEIT EDIH.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: м-р Марко Камиловски**
**Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии**
**Научна област: електроника**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер по електротехника и информациски технологии | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,85.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски, ниво С1 според Европската јазична рамка на советот на Европа (CEFR)<br>2. Назив на документот: уверение<br>3. Издавач на документот: Cambridge English Language Assessment (Part of the University of Cambridge)<br>4. Датум на издавање на документот: 27.6.2016 | да |

## 4. Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Марко Камиловски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од почетокот на кариерата до денес, Комисијата заклучи дека м-р Марко Камиловски поседува научни и стручни квалитети според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со што ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во наставно-научната област електроника.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, м-р Марко Камиловски да биде избран во звањето асистент во наставно-научната област електроника.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Катерина Ралева, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Караџинов, член, с.р.**
**Проф. д-р Томислав Карталов, член, с.р.**